Извештај

за работа на ФПСМ во периодот Јули 2022-Август 2023

Почитувани колеги, почитувани гости, драги пријатели

Средби како денешнава, без разлика на нивниот формат, се добра прилика за реминисценција на минатото, но и да проектираме што и како да реализираме во периодот кој не очекува.

Пред малку повеќе од една година си зацртавме една траекторија која за свои контролни точки ги имаше следниве пунктови

1. Демократизација на односите во Организацијата
2. Вклучување на што поголем број членови во работните тела, работни групи и активности
3. Делегирање на надлежности
4. Детектирање на точките кои поради формално –правни причини во многу штетат на на функционирањето на ФПСМ

Се радувам што сето тоа беше реализирано и само по себе донесе нов квалитет во нашата работа.

Да, добар дел, да не биде нескромно најголем дел од зацртаните активности ги апсолвиравме и отпочнавме еден неверзибилен процес кој значи подигање на квантитетот и квалитетот на нашите активности.

Оваа година имаме скоро стопроцентно реализирање на програмските активности, реализирани се средби со пријателски организации со кои сега но и во иднина ќе работиме на подобрување на стручното ниво на членството, неговата квалитетна евиденција, активно- персонално и организациско вклучување во работата на ЕУМА и БМУ.

Оваа година треба да не радува што дадовме нов квалитет и во организацијата на традиционалните активности , тие , годинава имаа поголема масовност, подигнато ниво на безбедност но и одлична соработка со сродните организации и институции кои работеа на безбедноста и здравјето на учесниците.

Имав можност да бидам учесник на неколку од нив и да се уверам дека, кај секоја од нив има сериозен исчекор во квалитетот и квантитетот на организирање и реализација на задачите. Па дури и и тогаш кога поради временските и материјалните услови некои работи изгледаа до крај неизвесни за реализација.

Комисиите и оваа година во најголем дел го одржаа нивото на минатогодишната работа. Секако со помош и со учество на сите вас, вашите колеги, членови на планинарските клубови во периодот пред нас да ја зајакнеме работата на комисиите.

Новина оваа година е формирањето на две комисии кои претставуваат подобрување на работната географија на организацијата но и проширување на целните групи кон кои го адресираме нашиот фокус за работа.

Посебно треба да не радува фактот што оваа година ќе биде маркирана со 5 планинарски објекти кои ќе бидат вклучени во системот на планинарски објекти на ФПСМ. Со тоа а и со подобрување на условите за престој во останатите домови.

Секако дека треба повеќе да работиме на афирмирање на активностите на друштвата на социјалните мрежи и електронските и печатените медиуми. Ќе признаете многу акции реализиравте но требаше тоа во што поголем обем да го презентираме пред јавноста за да таа јавност го даде своето мислење и став. Тоа е работа која мораме да ја поправиме во иднина.

Оваа година повторно се радувавме на успесите на нашите високогорци , алпинисти и планински тркачи кои се високо рангирани и респектирани во нивните активности.

Составен дел од овој извештај е финансискиот извештај за спomенатиот период кој ви е доставен.